МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СЕКТОР ЗА КОМУНИКАЦИИ, АНАЛИТИКА И ОПЕРАТИВНА ПОДДРШКА

ОДДЛЕНИЕ ЗА ПРОТОКОЛ И ПРЕВЕДУВАЊЕ

# ПРАВИЛНИК

# ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЦВЕТНИ АРАЖМАНИ

**Скопје, 19 март 2015 година**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Полагање на венци, икебани и букети од свежо цвеќе 3

1.1 Полагање на венци и икебани свежо цвеќе по повод државни и воени жалости, погреби и комеморации и други значајни празници 3

1.2 Врачување на букети 4

1.3 Поставување на икебани од свежо цвеќе 4

2. Подарување на цвеќе на припадничките од понежниот пол во Министерството за одбрана на РМ 4

## 1. Полагање на венци, икебани и букети од свежо цвеќе

### 1.1 Полагање на венци и икебани свежо цвеќе по повод државни и воени жалости, погреби и комеморации и други значајни празници

Церемонијата за полагање на венци или откривање на споменици, се одржува на државни и воени празници и на значајни датуми за Република Македонија согласно Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија, во организација на соодветна државна институција како на пример во конкретниов случај: Министерството за одбрана на Република Македонија, предводена од министерот за одбрана или заменик министер, државен секретар, државен советник, раководители на сектори или други лица делегирани од страна на министерот за одбрана:

- Кога полага венец министерот за одбрана на РМ, големината на венецот е: Л- 52, Л-62, Л-72 и Л-82. Во ситуација кога полагаат повисоки авторитети од Република Македонија, тогаш венецот на министерот е помал од нивниот (како на пример: ако полага ПВРМ, ПСРМ или ПРМ);
- Во ситуација кога има мешовита делегација од МО и ГШ на АРМ, се полага само еден венец и тоа по договор помеѓу Кабинетите во МО и ГШ на АРМ;
- Во ситуација кога имаме посебни делегации протоколите во МО и ГШ обезбедуваат секој за себе посебен венец;
- Кога полага венец свежо цвеќе заменик министерот за одбрана или државниот секретар венецот е со големина од Л-42.

## 1.2 Врачување на букети

При официјални посети на странски министри за одбрана на РМ со своите сопруги (согласно Правилникот за посета на странски министри за одбрана на РМ, Бр. 01-1785/1 од 04.03.2015 година, точка бр.1), на пречекот на Аеродромите во Скопје или Охрид се пречекува со букет свежо цвеќе, среден букет со седум цвета, должина на аранжманот 50 см. Цветните аранжмани да бидат изработени во боите на земјата гостин и домаќин, во најчест случај од рози - холандски или еквадорски, гербери, хризантема, крин или орхидеа;

При вечери и ручеци кои се одржуваат во резиденциите на шевовите на ДКП акредитирани во Р. Македонија се врачува букет свежо цвеќе.

## 1.3 Поставување на икебани од свежо цвеќе

За време на официјални посети на странски министри за одбрана, и други ВИП личности, организирање на разни видови на Конференции, потпишување на билатерални протоколи, Одделението за протокол и преведување обезбедува икебана свежо цвеќе во големина од Л-40, Л-50, Л-60 или Л-70.

Секој прв понеделник во месецот се подготвува икебана свежо цвеќе Л-40 за во Кабинетот на министерот, заменикот и државниот секретар.

## 2. Подарување на цвеќе на припадничките од понежниот пол во Министерството за одбрана на РМ

По повод меѓународниот ден на жената 8-ми март, на сите вработени жени во МО им се врачува по една роза (по список од СЧР се 283 жени). Одделението за протокол и преведување им ги доставува преку нивните раководители на сектори, во исклучителни ситуации се прави прием од страна на министерот за одбрана на РМ. Процедурата за подарување на цвеќе по повод 8-ми март се врши и од страна на ГШ на АРМ.

Забелешка: Организацијата за церемонии за полагање на венци се врши согласно Правилото за воен протокол во Армијата на Република Македонија, глава четири, од членовите 92 до 105.

Бр. 01-2/42/1

20-03-2015 2015 г

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА

Зоран Јолевски